Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-794
________ година
10-03-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 70/1 од 12.01.2023 година, поднесена од
д е, со живеалиште на ул. за сторена дискриминација врз основа на имотен статус, од страна на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и ı, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на имотен статус, во областа на образование, од страна на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и кон .

## Образложение

На 12.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 70/1, од страна на подносителката
ротив Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и за сторена дискриминација врз основа на имотен статус, во областа на образование.

Подносителката на претставката . е студентка на трет циклус аакадемски студии - докторски студии на Филозофскиот факултет при УКИМ – Институт за педагогија.

Од наводите во претставката произлегува дека подносителката на ____ одина до Комисијата за оцена на докторската дисертација поднела молба, со која побарала нејзиниот исправен докторски труд да се прегледа електронски, поради нејзиниот имотен статус. Воедно навела дека се наоѓа во социјален ризик и е примател на социјална помош.

Подносителката во претставката појаснува дека не постои законска обврска за доставување на примероците за прегледување во печатена форма. И покрај тоа, се наведува дека членката на Комисијата за оцена на докторска дисертација –
тенденциозно барала примероците да бидат доставени во печатена форма, бидејќи била запознаена со социјалната положба на подносителката на претставката, со цел да ја наведе да се откаже од студиите.

Членката на Комисијата ѝ напоменала дека во случај на бранење на докторската дисертација, кандидатот кој е социјален случај нема да го има истиот третман како кандидатите кои се материјално обезбедени. Во поткрепа на ова тврдење подносителката го доставила Ивестувањето бр. на од Филозофскиот факултет, односно раководителката на докторските студии по педагогија –
:

„Жалиме што не можеме да направиме отстапка од востановените административни процедури на нашата Институција кога станува збор за лоша социјална состојба на кандидатите или за некакви други околности. Докторските студии не се дел од задолжително образование и на овој циклус се запишуваат кандидати кои се во состојба академски, професионално и материјално да одговорат на барањата предвидени со условите на Конкурсот, студиската програма и Правилникот за студирање.

Печатењето на овие примероци е релативно мал трошок во однос на следните Ваши финансиски обврски како што се исплата на долгот кон Факултетот, печатење на укоричени примероци во тврд повез во случај кога извештајот е позитивен, уплаќање на средства за одбрана и на крај уплаќање на средства за промоција и издавање на диплома. Според вашата процена, донесете одлука дали сте во можност да одговорите на тие барања или евентуално да ја прекинете процедурата во оваа фаза за да не се изложувате на натамошни трошоци."

Подносителката навела дека со такво тенденциозно сугерирање членката на Комисијата ја наведува да се откаже од студиите.

Врз основа на тоа подносителката тврди дека е дискриминирана по однос на социјалниот статус.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.01.2023 година испрати Известување бр. 08 - 70/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалните дискриминатори.

На 03.02.2023 година пристигна Произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 70/3 од Филозофски факултет – Скопје, УКИМ.

Во произнесувањето се наведува дека условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пропишани со Правилник на Универзитетот кој е објавен во Универзитетски гласник бр. 530/20, јавно достапен на веб страницата на Универзитетот во делот „Нормативни акти".

Во конкретниот случај, по доставата на докторскиот труд од подносителката на претставката, од страна на Наставно – научниот совет, на предлог на Советот за докторски студии била формирана Комисија за оценка на докторската дисертација под наслов: „Педагошка работа со деца со воспитно – социјални проблеми и нарушено поведение", составена од пет члена: проф. д-р проф. д-р з, проф. д-р ı, проф. д-р ı и проф. д-р

**Поднесување на докторски труд - член 62, став 2 од Правилникот**:
*„Докторскиот труд студентот го поднесува во седум еднообразни примероци, во печатена и во електронска форма."*

Комисијата за оценка на докторскиот труд е должна да погдотви извештај (рецензија) за доставениот труд. **Согласно член 65, став 3 од Правилникот:**

*„Комисијата во рок од три месеци од нејзиното формирање има право да достави забелешки до кандидатот по доставениот труд. Кандидатот во рок од три месеци треба да постапи по забелешките. На кандидатот може да му се определи и дополнителен рок, за кој одлучува советот на студиската програма."*

Во произнесувањето се наведува дека во конкретниот случај Комисијата доставила забелешки по однос на трудот до кандидатката со насоки за постапување во стого утврден рок од три месеци, согласно Правилникот. Секој кандидат е должен да постапи по забелешките и да достави труд во печатена и електронска форма. По барањето на кандидатката за достава на трудот единствено во електронска форма, Советот за докторски студии ја известил со допис бр. одина за нејзината обврска да го достави трудот и во печатена форма.

Кандидатката, во овој случај подносителка на претставката и покрај укажувањето на Советот, трудот го доставила спротивно на Правилникот, единствено во електронска форма.

Врз основа на тоа, во произнесувањето е наведено дека барањето за достава на трудот во печатена форма во никој случај не е наметната обврска, ниту форма на притисок кон кандидатката, ниту дискриминација заради социјален статус, туку е пропишана норма која е задолжителна обврска за сите кандидати без разлика социјалниот статус и имотниот статус на кандидатите. Дополнително се наведува дека проф. д-р во непосредната кореспонденција единствено ја напомenала висината на средствата кои треба да се определат како трошок за печатење, наспроти високиот износ на школарината за студирање, кој изнесува околу 5000 евра. Оттука, во произнесувањето се отфрлаат наводите во претставката дека тенденциозно, поради социјалната положба на кандидатката од страна на проф. д-р е барано коригираниот докторски труд да се достави во печатена форма, од причина што проф. д-р постапила согласно одредбите од Правилникот.

Во продолжение е истакнато дека факултетот, со цел да излезе во пресрет на м-р дозволил плаќање на финансиските обврски за школарина на повеќе рати. И покрај тоа истите не биле навремено подмирени.

Согласно одредбите од Законот за високо образование, сите студенти кои се запишани на трет циклус – докторски студии се должни да ги извршуваат своите финансиски обврски за студирањето спрема факултетот. Врз основа на тоа, во произнесувањето се отфрлаат наводите за сторена дискриминација од страна на Филозофскиот факултет – Скопје и проф. д-р , бидејќи сите студенти се третираат на еднаков начин во поглед на финансиските обрски и подносителката не е ставена во понеповолна положба врз основа на нејзиниот социјален/ имотен статус.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителката за сторена дискриминација. Од фактите и околностите во претставката не произлегува причинско – последична врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и повреда на право, односно не е утврден нееднаков третман врз дискриминаторска основа кон подносителката на претставката. За иста, односно споредлива ситуација подносителката на претставката не навела компаратор, според кој би можело да се увиди нееднаков третман.

Дотолку повеќе што во конкретниот случај не постои ниту повреда на право, од причина што Филозофскиот факултет и постапиле согласно одредбите од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и Законот за високото образование.
Дополнително, условите и критериумите од наведените акти важат подеднакво за сите студенти на трет циклус студии и не произведуваат индиректна дискриминација.

При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман и повреда на право не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на на имотен статус, во областа на образование од страна на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и кон ...

Скопје,
07.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Филозофски факултет – Скопје, УКИМ со адреса на ул. „Гоце Делчев" бр. 9/А, 1000 Скопје